РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-220/3
07.11.2024 год.

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ

**на Урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена А1.1 – куќи со двор на КП 283/1, дел од КП 248/2, КО Петровец , КП 283/4 и КП 283/3, КО Петровец вон град, Општина Петровец**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2153 од 2023 год. и 09-220 од 2024 год. за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена А1.1 – куќи со двор на КП 283/1, дел од КП 248/2, КО Петровец ,КП 283/4 и КП 283/3, КО Петровец вон град, Општина Петровец** со технички број тех. бр. 28/23-У изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за формирање на градежна парцела со намена А1.1 – куќи со двор на КП 283/1, дел од КП 248/2, КО Петровец ,КП 283/4 и КП 283/3, КО Петровец вон град, Општина Петровец,** со технички број 28/23-У.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Имотни листови

3. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

4. Извод од урбанистичка документација

5. Геодетски елаборат

6. Полномошно

7. Податоци информации и мислења од релевантни институции

8. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и

Урбанистичкиот проект со тех.бр. 28/23-У може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-220/3 од 07.11.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**